Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-414/13
датум
02-12-2025

ЗАПИСНИК
ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.

**Комисијата за надзор на ден 04.11.2025 година во 10:00 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Основен граѓански суд Скопје** за контролниот период од **2023 до 2025 година**, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2023 година до 2025 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Бесник Авдија, судски администратор Кристина Палчевска и информатичарот во судот Ѓорѓи Мишовски.

Во судот, судијата Илир Сулејмани ја извршувал функцијата претседател на суд до ноември 2023 година, кога бил определен вд претседател на суд Бесник Авдија - со решение бр. 02 –2200/1 од 09.11.2023 на Судскиот совет, до негов избор за претседател во месец декември 2023 година.

Судот се соочува со голем прилив на граѓански предмети како специјализиран суд.

Скенирање на предметите е воведено од јануари 2025 година, но нема човечки ресурси за скенирање на целосната коресподенција. Има заштеда од 200.00 - 300.000 денари од електронската достава. Во судот се вкупно 27 судници, од кои со тонско снимање опремени се 25 судници. Во судот има скоро 400 судења на ден. Во моментот има тројца судии кои работат без записничари. Судот не може да биде ажурен согласно огромниот обем на предмети и судења и пополнетост на судска служба од само 35% на вработени од систематизацијата.

Претседателот на судот успешно ја организира работата на судот, со оглед на условите во судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

| **Препорака** |
|---|
| **Судот да се пополни со најмалку 75% вработени во судската служба, за да може да биде ажурен суд.** |

Иако има препорака од претходен надзор на Комисијата, во судот не е обезбеден лифт, ниту опремување на една судница на приземје заради пристап на правда за лица со попреченост. Од страна на судот беше укажано дека иако е побарано повеќе пати, не биле одобрени средства од Судскиот буџетски совет.

**Одговор од судот:** Судот од своја страна прави напор за пристапност на лица со попреченост. Имено, во случаи кога има потреба за лично учество во судска постапка на лице со попреченост, судот обезбедува просторија на приземјето, во која се одржуваат рочишта. Меѓутоа, оваа просторија не ги исполнува условите на опремена судница и никако не ја намалува итноста на потребата од обезбедување на финансиски средства за оваа намена.

| **Препорака** |
|---|
| Потребно е итно опремување на една судница на приземјето на судот и обезбедување на лифт во зградата на судот. |
| Судски буџетски совет итно да обезбеди средства за да се постапи по барањата за да се овозможи пристап до правда за лица со попреченост во судот, согласно Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост и Националната Стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 година. |

Исто така, Комисијата констатираше дека е потребен целосно реновирање на приемните шалтери, каде протекува вода од санитарните јазли врз предметите и вработените. Просторијата на приземјето е систем на голема океан сала која е отворена, а шалтерите се дел од истата. Дополнително, во судот протекува од кровот на зградата, согласно укажувањето од претседателот, како и проблемите со тоалетите во судот. Половина година цела вертикала на тоалети е затворена, бидејќи се нефункционални и нема основни хигиенски услови во овој дел од судот. Сите вработени во судот, вклучително и судиите се соочуваат со користење на тоалет на друг кат или кружење на цела судска зграда за да пристигнат до тоалет, што го оневозможува редовното работење на судот, и претставува ризик за сериозно нарушување на здравјето на вработените.

Безбедноста за вработените уште повеќе се доведува во прашање заради службениот влез во судот, каде има опасност од одлепување на плочки од фасадата. Овој проблем е повеќегодишен, а еден од вработените бил повреден од падната плочка.

**Препорака**
**Судскиот буџетски совет итно да обезбеди средства за санација на тоалети, кров, фасада, приземјето и приемните шалтери, и лифт во текот на 2026 година.**

Претседателот на судот го истакна проблемот со новопримени судии и нивното внесување во АКМИС и потребата од нивно изземање за постапување бидејќи согласно закон првите 2 години постапуваат само по одреден вид на предмети кои се ограничени со износ или основ согласно закон, што доведува до зголемен број на автоматски прераспределби, заради нивни изземања во предметите. Забележано е повеќе од 30 дневни изземања, што претставува отежнување на работата на судот по конкретни предмети заради дополнително администрирање.
Претседателот на судот достави барање во АКМИС да се уреди распределба на предметите кои не можат да бидат доделувани кај новопримени судии од Академијата, имајќи ја предвид одредбата од членовите 30 и 38 од Законот за судовите. Заради менување на судиите неколку пати во ист предмет од наведената причина се појавува незадоволство кај странките во предметот и сомнеж за нерегуларност при автоматската распределба. Потребно е времето од две години за новите судии да се намали на една година.
Во судот веќе 6 месеци функционална е електронската услуга вадење на Потврда за деловна способност, откако бил потпишан меморандум за соработка со МВР за размена на веб сервиси.
Во однос на прашањето за стечајните предмети, доставен е одговор од судот: не се прави избор на стечаен управник преку АКМИС. Во претходна постапка, согласно со закон, стечаен управник не се бира во АКМИС. Со отворањето на стечајната постапка, стечајниот управник го предлага предлагачот, а доколку, тој не го предложи , истиот се бира од регистарот изготвен од Министерството за економија. Во однос на регистерот, појаснуваме дека во АКМИС не е ажуриран и не е функционален. Ажурирањето треба да го изврши Министерството за економија. Истакнуваме и дека во тек е изработка на нов предлог- закон за инсолвентност.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа

Су 03 – 1897/24 од 30.12.2024 година, Су 03-140/23 од 27.12.2023 година.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Во судот има 6 оддели од кои еден е оддел за судска пракса.
За судот предвидени се 77 судиски места, од кои пополнети се 63 места, вклучувајќи го и претседателот на судот. Еден судија е делегиран во ОС Струга, на двајца функцијата им е во мирување, тројца судии се на породилно отсуство, а еден судија е на подолго боледување.
Во 2024 во судот имало 4 судски оддели, за имотни, трговски, работни и оставински и вонпарнични спорови, со измена на распоредот се воведува оддел за судска пракса и оддел за семејни спорови. Во 2025 година во судот има 6 оддели.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Во судот се врши измена на распоредот согласно предвидени основи во Судскиот деловник.
Су 02-104/22 од 28.12.2022 година, Су бр. 3/23 од 16.01.2023 година , заради заминување на судија во пензија. Су о2-17/23 од 03.03.2023 година заради пензионирање на судии.
Су 02-54/23 од 07.09.2023 година, заради избор на нови судии.
Су 0263/23 од 27.10.2023 година, заради избор на нови судии.
Су 02-80/23 од 27.12.2023 година, зголемен обем, судии во пензија, избор во друг суд и избор на нови судии,
Су 02-67/23 од 09.11.2023 година поради избор на нов претседател на суд.
Годишниот распоред се објавува и на Интранет страницата на судот.
Су 02-7/24 од 22.01.2024 година, заради избор во повисок суд и се воведува оддел за судска пракса
Су 02-12/24 од 25.01.2024 година, дополнување, испуштен бил уписник пом.сек -правна помош во странство
Су 02-21/24 од 09.02.2024 година, заради заминување на судија и пополнување на испразнето место и нов претседател на оддел
Су 02-36/24 од 12.03.2024 година - се формира Оддел за семејни спорови со 5 судии
Су 02-94/24 од 18.10.2024 година заради заминување на судија во пензија
Су 02-103/24 од 11.11.2024 година - прераспределба на судија од еден во друг оддел заради враќање на делегиран судија
Су 02-114/24 од 19.12.2024 година, заради враќање на судија од породилно отсуство.

Су 02-117/24 од 30.12.2024 година, измени заради заминување во пензија - судија Јасмина Блажевска, бил изменет распоредот Су 02 –1/25 од 08.01.2025 година, дополнување Су 02-51/25 од 4.04.2025 заради избор на нови судии. Су 02 –75/25 од 05.06.2025 - нови судии.
Заради барање на претседателот на суд, а врз основа на мислење на Општа седница, дозволено било распоредување на судија во друг оддел.
Су 02-91/25 од 03.09.2025 заради избор на судија во повисок суд.
Су 02-101/25 од 11.09.2025, пополнување заради избор на судија во повисок суд.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Немаат посебен план, туку се подготвува во форма на список. Во ниеден момент нема оддел без судија. Посебен список на годишни одмори: секој претседател на оддел прави распоред за својот оддел, водејќи сметка за дежурства или судската ферија, се доставуваат до претседателот на судот, се одобрува и се подготвува списокот.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во судот има ИТ одделение со тројца вработени, сите на позиција советник информатичар. Поради голем број на вработени во судот и огромен број на предмети, во судот има потреба од дополнителен број на информатичари и ИТ техничари.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Во судот има подготвено билтен или збирка која треба да биде промовирана 2026 година. Претседател на одделот за судска пракса за 2024 година е судија Љубица Колиќ. За 2025 година, определени се претседателите на сите оддели и судија Драган Петрушевски. Претседател на оддел за судска пракса е судија Весна Трајанова и има заменик претседател на суд.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Има формирано канцеларија за односи со јавноста, службени лица определени за односи со јавноста се Крстана Костадиновска и Аница Саздова Ристевски.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Судски администратор во судот е Христина Палчевска. Проблемите со кадровска екипираност постојат и кај овој суд. Во судот вработени се 209 судски службеници од

предвидени 583 места по систематизација, од кои 7 се вработени по ЗРО, а 7 судска полиција од предвидени 15 места. Во моментот од 194 активни судски службеници, а само 57 се стручни службеници во В категорија, од нив 3 информатичари, 1 во човечки ресурси и 3 преведувачи. Реалната потреба на судот се дополнителни 118 вработувања. Во Г категорија се 134 вработени, двајца се технички секретар, 1 техничко одржување на зграда, 2 благајник, 2 архивар, и 14 доставувачи.
Иако има листа и систематизација на вработените во судската служба, сепак формален распоред за работа за судските службеници нема, а службениците постапуваат со судиите кои се распоредени согласно Годишниот распоред за работа на судиите.

| |
|---|
| Препорака: За следната година, да биде донесен формален посебен распоред за работа на судската служба во судот. |

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД) за 2023, 2024 и 2025 година**

Нема формални белешки, се прави секојдневен надзор од страна на претседател на оддел и претседател на суд.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Су 446/25 од 16.10.2025 година,
Су 03-1406/24 од 21.11.2024 година

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Су 51/25 од 29.01.2025 - оддел за работни спорови
Су 03-1254/24 од 24.10.2024 година
Имотни 03-Су бр.241/23 од 21.02.2023 година

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Су 03-14/24 од 03.01.2024 година
Су 03-123/24 од 26.01.2024 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Су 03-1280/23 од 27.11.2023 година
Су 03 –613/25 од 11.04.2025 година
Су 03-424/25 од 27.03.2025 година

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Судот до Судскиот совет го доставува годишниот извештај за работа на судот.

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Допис бр. Су 03 бр.204/25 од 20.02.2025 година - Извештај бр. Су 01-2/24 од 08.02.2024 Су 03 бр.218/24 од 08.02.2024 година со Извештај Су 01 3/25 од 20.02.2025 година - Се објавува на веб страницата на судот

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот граѓански суд Скопје за 2023, 2024 и 2025 година**

Су 03-202/24-3 од 25.12.2024 година

16. **Надзор над работата на нотарите**

Су 03-1304/24 од 31.10.2024 година, укажување од судот за ажурирање на списоците на известувањата и извештаите за решени и нерешени предмети.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

17. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Вработените во судот добро се обучени за користење на АКМИС системот, исто така секојдневно соработуваат со информатичарите и ги решаваат тековните проблеми. Информатичарите посетувале основно ниво за ИТ мрежи минатата година преку

Академија, а во наредниов период ноември - декември 2025 ќе посетуваат обуки за напредно ниво за мрежи. Нема обуки ниту за службеници, а доколку има такви обуки не се во можност да ги следат заради недостаток од човечки кадар.

## 18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

ИТ опремата ги задоволува потребите во целост. Има 230 нови компјутери од групна јавна набавка, реализирана во 2024 година. Во судот преку надворешна фирма се изнајмуваат печатари. Просторот на серверот кој е набавен во 2022 година многу брзо се полни поради големиот број на предмети кои пристигаат во судот, а особено со почетокот со скенирање на приемните документи. Судот има потреба од набавка на нов сервер за дата база на податоци, или сториџ со поголем капацитет, како и дополнителен еден сервер за тонското снимање. Во моментов тонските записи се снимаат на локални компјутери и се режат на cd-ња, кои преставуваат осетлив медиум што лесно може да биде оштетен.
Пасивната мрежа во судот е стара што дополнително влијае на брзината на работење на АКМИС системот. Потребно е и опремување на сервер сала со што ќе се обезбедат соодветни услови за нормално функционирање на опремата.
Потребна е преадаптација на канцеларијата која служи како сервер сала, односно потребно е да се направи сервер сала согласно стандардите за таа намена.

## 19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Има списоци за кориснички групи за сите години кои се предмет на надзор, со приказ на сите корисници по кориснички групи, по оддел.
СУ-07-776/24-3 од 31/12/2024 година,
СУ-07-843/23-4 од 26.01.2024 и
СУ-07-131/23-4 од 21.02.2023
Со соодветни известувања доставени до Одделение за информатика за вклучување и исклучување на судски службеници во потребниот момент, по соодветни уписници.
Сите уредно заведени во АКМИС.

## 20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

Има, но без дефинирани кориснички привилегии до соодветни уписници.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

## 21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)

Во овој суд нема дежурства. За граѓанските предмети во делот семејно насилство каде рокот за постапување е итен, нема дежурства за таквите предмети. Се исклучуваат судии од автоматска распределба за времетраење на летните одмори, и работата се прераспределува на останатите судии кои не се на одмор.

**Појаснување од судот**: За време на траењето на летните одмори, времените мерки се распределуваат согласно АКМИС системот. Доколку времената мерка се падне во работа кај судија кој е отсутен и кој ќе биде отсутен подолго од рокот за постапување, истата се прераспределува автоматски на начин што, по проверка на распоредите за користење на годишни одмори на судиите, од распределбата се исклучуваат отсутните судии кои ќе бидат отсутни подолго од рокот за постапување.

| |
|---|
| **Препорака: Редовно** да се обезбедат дежурства за предметите поврзани со итни мерки во врска со семејно и друг вид насилство и следната година да се овозможи примена на правилниците за водење на судска статистика за семејно и друг вид насилство во судот. |

## 22. Скенирање на влезни документи

Од почетокот на 2025 година се врши скенирање на примени влезни документи.

## 23. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

## 24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)

Судски службеник задолжен за АКМИС нема со формална Одлука, туку сите тројца информатичари го администрираат АКМИС со сопствен кориснички профил. Уписничарите се задолжени за распределба на предмети. А прераспределбата ја вршат информатичарите.

| |
|---|
| Препорака: Задолжително да се изготви одлука за лица задолжени за АКМИС системот. Прераспределбата на предметите врз основа на член 174 став 4 од Судскиот деловник да ја вршат уписничарите и одговорните во одделенијата. |

25. **Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2023, 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)**

Беше направен увид во следните одлуки за исклучување со образложена причина за исклучување/вклучување и сите се уредно внесени во АКМИС.
Су-02 67/25 од 15.04.2025 година
Су-02-96/25 од 03.09.2025 година
Су-02-1/24 од 02.01.2024 година
Су-02-16/24 од 06.02.2024 година
Су-02-59/23 од 18.09.2023 година
Су-02-87/23 од 28.12.2023 година

26. **Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2023, 2024 и 2025 година**

Во 2023 година има 413 барање за изземања, во 2024 година има 1224 изземања и во 2025 година до денот на надзорот има 887 изземања.
На увид се разгледани следните изземања СУ-ИЗЗ 760/25 од 13.10.2025, СУ-ИЗЗ бр. 856/25 од 30.10.2025, СУ-ИЗЗ бр.748/25 од 13.10.2025, СУ-ИЗЗ бр. 1166/24 од 27.11.2024, СУ-ИЗЗ бр.1098/24 од 04.11.2024, СУ-ИЗЗ бр.1053 од 16.10.2024, СУ-ИЗЗ бр. 226/23 од 04.10.2023, Су-ИЗЗ 222/23 од 04.10.2023. Сите уредно се внесени во АКМИС.

27. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2023, 2024 и 2025 година- Нема такви одлуки**
28. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Направен е увид во предмети избрани по случаен избор:

- П4-844/24 – Поднесен, примен и заведен на ден 15.11.2024 и рачно распределен на ден 15.11.2024 и примен од страна на судија на ден 20.01.2025 година, автоматски прераспределен 5 пати со одлука за изземање и 2 пати прераспределба рачно со одлука за изземање и со одлука СУ 02-97/25.
- П4-817/25 – Поднесен и примен на ден 10.10.2025, заведен на ден 13.10.2025 и автоматски распределен на ден 13.10.2025, примен од страна на судија на ден 16.10.2025 година, автоматски прераспределен 2 пати со одлука за изземање.
- РО-451/24 - Поднесен на ден 08.02.2024, примен и заведен на ден 14.02.2024 и автоматски распределен на ден 14.02.2024 и примен од страна на судија на ден

15.02.2024 година. Прераспределен автоматски 8 пати со одлуки за изземање и прераспределба на нови судии.

- ПЛ1-ТС-1599/24 – Поднесен и примен на ден 24.10.2024, заведен на ден 25.10.2024 и автоматски распределен на ден 25.10.2024, примен од страна на судија на ден 31.10.2024 година, автоматски прераспределен на ден 05.11.2024 со одлука за изземање.
- П3-70/24 – Поднесен, примен и заведен на ден 15.10.2025 и автоматски распределен на ден 15.10.2024 и примен од страна на судија на ден 16.10.2024 година, автоматски прераспределен на ден 17.10.2024 со одлука за изземање.
- П4-693/23 – Поднесен, примен, заведен на ден 02.10.2023 и автоматски распределен на ден 02.10.2023 и примен од страна на судија на ден 03.10.2023 година, прераспределен автоматски 3 пати со одлуки за изземање.
- П2-22/25 – Поднесен, примен и заведен на ден 09.01.2025 и автоматски распределен на ден 09.01.2025 и примен од страна на судија на ден 10.01.2025 година.
- РО-932/23 – Поднесен, примен и заведен на ден 09.03.2023 и автоматски распределен на ден 09.03.2023 и примен од страна на судија на ден 10.03.2023 година.
- П1-156/23 - Поднесен, примен и заведен на ден 28.03.2023 и автоматски распределен на ден 28.03.2023 и примен од страна на судија на ден 03.04.2023 година.
- МАЛВП-500/24 - Поднесен, примен и заведен на ден 15.03.2024 и автоматски распределен на ден 15.03.2024 и примен од страна на судија на ден 19.03.2024 година.
- МАЛВП -123/24 - Поднесен, примен и заведен на ден 24.01.2024 и автоматски распределен на ден 24.01.2024 и примен од страна на судија на ден 26.01.2024 година.
- СТ-48/23 - Поднесен, примен и заведен на ден 13.03.2023 и рачно распределен на ден 13.03.2023 и примен од страна на судија на ден 14.03.2023 година.

29. **Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Автоматската распределба се прави секој ден во 14 часот.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

На денот на надзорот во 13:45 часот има 81 новопримени предмети. Нема автоматска распределба повеќе од еднаш за контролираниот период од 01.01.2023 година

**30. Уписници што се водат во хартиена форма**

Нема уписници во хартиена форма.

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Од вкупно 27 судници, во сите има инсталирано SRS Femida, опрема за тонско снимање, а во една судница инсталирана е опрема и за видео снимање меѓутоа таа не се користи, затоа што нејзината примена во граѓанска постапка не е законски регулирано. Во една судница тонското снимање од технички причини воопшто не се користи поради неисправност на инсталацијата и на микрофоните, а во останатите 26 се соочуваат со проблеми со инсталацијата на микрофоните и самите микрофони од причина што со сегашната надградба се обновени само персоналните компјутери и миксетите додека целата инсталација и микрофоните се стари од 2010 година. Од тие причини е потребно за нормално тековно работење на тонското снимање, целосно да се обноват/заменат аудио инсталациите со сите микрофони. Гаранцискиот период и за новата опрема е веќе завршен и во моментов нема одржување на опремата, за што треба да се најде решение.
Пред да се инсталира новата опрема за тонско снимање, реализирани биле по неколку снимања месечно, а во 2025 реализирани се 600 снимања на месечно ниво.
Тонското снимање ја отежнува работата на судот поради начинот на кој се доставува снимениот материјал преку режење на cd-ња, особено во работни спорови.

**32. Електронска достава**

Електронската достава се врши, до адвокати.
Се прави избор и од централна и локална номенклатура за да се изврши електронска достава. Во централните номенклатура се внесени адвокатите што се регистрирани за електронска достава, а во локална номенклатура се внесени адвокатски друштва и други правни лица.
Од судот се предлага сите со уредно доставено електронско сандаче да бидат внесени во централната номенклатура, заради усогласеност на форматот и веродостојноста на сите записи. Електронската достава продуцира финансиска заштеда.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

33. **Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2023, 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Су бр. 02-44/23 од 06.06.2023 година
Су 24/24 од 12.02.2024, Су 02-24/24-1 од 07.06.2024 година
Су 02-8/25 од 05.02.2025 година и Су 02-106/25 од 25.09.2025 година
Измените се вршат кога измена на член од работното тело, претседатели на оддели или измена на годишен распоред.

34. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2023, 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

Су 02-243/23 од 21.02.2023 година
Су о2 -78/23-1 од 02.07.2024 година
Су бр. 02-17/25 од 25.02.2025 година

35. **Внатрешни процедури**

Су 02-102/22 од 20.12.2022 година
Су 02-78/23 од 22.12.2023 година
Су 02-116/24 од 24.12.2024 година

36. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Работното тело се состанува на секои два месеци, со оглед на големиот број на учесници и бројот на оддели во судот, а по потреба и веднаш по детектирање на одреден проблем.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**37. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Судот е отворен за јавноста, постојано има студенти и средношколци на посета, секоја година се организира денот на граѓанска правда, а оваа година организирана е крводарителска акција.

**38. Огласна табла на судот**

Во судот има видно поставена огласна табла, додека пак електронска огласна табла нема. Соопштенијата за работата на судот кои би требало да бидат објавувани на електронска табла се објавуваат како новости/ соопштенија на веб страната на судот.

**39. Простории за судии поротници и за адвокати**

Има просторија за судии поротници и адвокати.

**40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2023, 2024 и 2025 година**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.
Во 2023 се објавени 2877 анонимизирани одлуки
Во 2024 година има објавено 2217 анонимизирани одлуки
Во 2025 година заклучно со денот на надзоротот има објавено 342 анонимизирани одлуки.

**41. Архива**

Поголема архива од другите судови во државата и е сместена во повеќе објекти. Архивата е во делумно добра состојба. Еден дел од архивата е добро среден, чисто и молерисано. Предметите се наредени по број и година и истите се наредени на

метални полици лесно достапни за преглед. Друг дел од архивата е во лоша состојба во темна и влажна просторија, каде предметите се подредени по години, наредени на дрвени полици. Во тековната архива, поминува фекална канализација од која протекува вода и истата се собира во кофи. Затоа во одредени простории од архивата потребно е нејзино итно реновирање.

Увидот се реализираше на 04.11 и 07.11 и заврши на ден 07.11.2025 во 14:30 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk